

**Од 1990 год сум тука и во лошо и во добро,и кога се славело и кога се тагувало.**

**Сум бил учесник на конгреси,конвенции,избори,именувања и разрешувања но никогаш не сум одел против ВМРО. И кога се било во право и кога се грешело,сум ги кажувал грешките и сум се трудел да се поправат. Кога сите молчеле и наведнувале глава на ИК сум излегувал сам со спротивно мислење но никогаш ама баш никогаш против ВМРО. Грешки имало во минатото има и сега,но секогаш кога било тешко се јавувала некоја група која се двоела од партијата,секогаш. Дали е по наредба ,диктат или од приватни причини ,незнам. Но едно знам, никој од надвор не сменил претс. на ВМРО.**

Тој можеше до скоро да биде сменет само со свикување на конгрес по барање на претседателот или 2/3 од членовите на ЦК,сега е полесно ,треба барање на 1/2 од членовите на ЦК и никако на друг начин. Затоа да не се лажеме и да не ги носиме членовите на партијата во заблуда,затоа што тоа му одговара само на еден човек кој сака да го уништи ВМРО ДПМНЕ.

Претседател на ВМРО не се менува по желба и нарачка. Таму каде што имаше послаби резултати ќе се видат слабостите,таму каде што треба ќе се реагира но ВМРО за кратко ќе ја покаже вистинската сила.

Нема отстапки и нема назад до крај за ВМРО ДПМНЕ и МАКЕДОНИЈА!